Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 11-581/2
18.09. 2024 год.-viti

[redacted]

**ПРЕДМЕТ: Одговор по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од Ваша страна, доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер, заверено со наш архивски број 11-581/1/1 од 23.08.2024 година, во кое што ги барате следните информации од јавен карактер:

**1.Податоци за евентуална дискриминација за женски лица во притворски, затворски, воспитно-поправни или други установи од затворен вид, како на пример, психијатриски установи и слично? Доколку има, за што конкретно се однесуваат истите?**

- *Досега КСЗД има утврдено еден случај на дискриминација на женски лица притворски, затворски, воспитно-поправни или други установи од затворен вид. Тоа е случајот за дискриминација врз основа на пол на жените-осуденички од страна на Управата за извршување на санкции заради неможноста на еднаква основа со мажите да прогресираат во установите од казнениот систем.*

**2.Податоци за евентуално родово-мотивирана физичка злоупотреба или насилство над лица бегалци или баратели на азил и на што поконкретно истите се однесуваат?**

- *Комисијата нема надлежност за ова прашање.*

**3.Податоци за евентуална родово-базирана дискриминација при избори и гласање.**

- *Немаме претставки.*

**4.Податоци за евентуална родово-базирана дискриминација во брак, развод, старателство над деца, вработување, образование, судски постапки, домување и слично**

- *Во областа на домување и пристапот до добра и услуги утврден е еден случај на интерсекциска дискриминација врз основа на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и семејна или брачна состојба;*
- *Во областа на образование утврдени се три случаи на дискриминација, првиот во вид на повеќекратна индиректна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба, а вториот во вид на продолжено и повеќекратно вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група. Третиот е случај кој КСЗД го поведе по службена должност во кој се утврди индиректна повеќекратна дискриминација врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба;*

- *Во областа на правосудство и управа утврдени се два случаи на дискриминација, првиот во вид на директна дискриминација врз основа на пол (види одговор на прашање бр.1) и вториот во вид на директна дискриминација врз основа на род;*
- *Во областа на пристап до добра и услуги утврдени се три случаи на дискриминација, првиот во вид на вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, вториот во вид на директна дискриминација врз основа на родов идентитет и третиот случај е во вид на директна интерсекциска дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување;*
- *Во областа на здравствената заштита и здравственото осигурување утврдени се три случаи на дискриминација, првиот во вид на директна продолжена дискриминација врз основа на пол, вториот во вид на индиректна продолжена интерсекциска дискриминација врз основа на пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група и третиот случај е во вид на директна продолжена интерсекциска дискриминација врз основа на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло;*
- *Во областа на работата и работните односи утврдени се седум случаи на дискриминација. Пет од случаите се за дискриминација/вознемирување на работно место, и тоа директна дискриминација врз основа на родов идентитет, вознемирување врз основа на пол и лично својство и општествен статус, интерсекциска дискриминација врз основа на пол, род и бременост, директна дискриминација врз основа на пол и случај на интерсекциска директна дискриминација и виктимизација врз основа на бременост, пол и лично својство. Останатите два се случаи на дискриминација во пристапот до вработување врз основа на пол.*

**5.Податоци за евентуална дискриминација при регистрација на новородени деца заради по било која дискриминаторска основа поврзана со нивните родители**

- *Немаме претставки.*

**6.Податоци за дискриминација во образование**

- *Во областа на образованието утврдени се вкупно 19 случаи на дискриминација. Во случаите, КСЗД утврди дискриминација сторена врз 17 различни основи, најмногу врз национална или етничка припадност. Во 11 случаи утврдена е дискриминација врз две или повеќе основи, а во останатите 8 утврдена е дискриминација врз една основа. Имајќи го тоа во предвид во продолжение е даден преглед на секоја од дискриминаторските основи и бројот на случаи во кои истата била утврдена:*
    - *Национална или етничка припадност – 7 случаи*
    - *Лично својство и општествен статус – 4 случаи*
    - *Род – 3 случаи*
    - *Родов идентитет – 3 случаи*
    - *Јазик – 3 случаи*
    - *Попреченост – 3 случаи*
    - *Сексуална ориентација – 2 случаи*

- *Образование – 2 случаи*
- *Возраст – 2 случаи*
- *Имотен статус – 2 случаи*
- *Здравствена состојба – 2 случаи*
- *Раса – 1 случај*
- *Припадност на маргинализирана група – 1 случај*
- *Државјанство – 1 случај*
- *Социјално потекло – 1 случај*
- *Религија или верско уверување – 1 случај*
- *Политичко уверување – 1 случај*

**7.Податоци за евентуална злоупотреба на деца, и одговор на властите по истите.**

- *Комисијата нема надлежност за ова прашање.*

**8.Податоци за евентуална дискриминација по основа на родова припадност или сексуална ориентација.**

- *Досега КСЗД утврди вкупно 56 случаи на дискриминација врз основа на родов идентитет и/или сексуална ориентација, од кои:*
  - *48 се случаи во областа на јавното информирање и медиуми, и тоа 28 случаи на вознемирување, 8 случаи на повикување поттикнување и инструкција за дискриминација, 11 случаи на вознемирување и повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација и 1 случај на директна дискриминација;*
  - *4 случаи во областа на образование, наука и спорт, и тоа 2 случаи на индиректна дискриминација, 1 случај на дискриминација по перцепција, вознемирување и виктимизација и 1 случај на вознемирување;*
  - *2 случаи во областа пристап до добра и услуги, и тоа 1 случај на директна дискриминација и 1 случај на вознемирување;*
  - *2 случаи во областа на работата и работните односи, и тоа 1 случај на директна дискриминација и 1 случај на вознемирување*

**9.Податоци за евентуална злоупотреба на лица со посебни потреби.**

- *Комисијата нема надлежност за ова прашање.*

Ви стоиме на располагање за сите евентуални дополнителни информации.

*Со почит,*

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Игор Јадровски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Прилог-линкови до мислења на КСЗД по случаите од интерес на поставените прашања (поделени по области):

**ПРАВОСУДСТВО И УПРАВА**

- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол во областа на правосудство и управа од страна на Управата за извршување на санкции кон осудените лица од женски пол во РСМ
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на род во областа на правосудство и управа од страна на Лекарската комора на РСМ

**ОБРАЗОВАНИЕ**

- ИНДИРЕКТНА ПОВЕЌЕКРАТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба во СОУГ „Мирче Ацев" од Прилеп
- ПОВЕЌЕКРАТНА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на род, родов идентитет, лично својство и имотна состојба (СОУ „Јане Сандански" Штип и СОУ „Јане Сандански" Струмица)
- ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група во учебникот Социологија за трета година реформирано гимназиско образование
- ПОВЕЌЕКРАТНА И ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ПЕРЦЕПЦИЈА, ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ВИКТИМИЗАЦИЈА врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост (СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес)
- ИНДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОЈА ДОВЕДУВА ДО СЕГРЕГАЦИЈА врз основа на етничка припадност (ООУ „Добре Јовановски" Прилеп)
- ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА со која се предизвикува сегрегација врз основа на етничка припадност (ООУ Ѓорги Сугарев - Битола)
- ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА со која се предизвикува сегрегација врз основа на етничка припадност (ООУ „Гоце Делчев" - Штип)
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на етничка припадност и религија или верско уверување (МОН)
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на јазик врз група на лица - ученици (ООУ „Његош" Јурумлери)
- ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на јазик во областа на образованието сторено од страна на ООУ „Крсте Петков Мисирков" - Радовиш врз учениците чиј мајчин јазик е турскиот јазик
- СЕГРЕГАЦИЈА И ИСКЛУЧУВАЊЕ, ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на попреченост (ООУ „Единство-Башкими-Бирлик" Гостивар)
- ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка припадност (СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола)
- ПОВЕЌЕКРАТНА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на државјанство и врз основ на здравствена состојба сторена врз студенти странски државјани од страна на Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип

- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи и образование сторена од страна на СЕПУГС „Васил Антевски-Дрен" - Скопје
- ПОВЕЌЕКРАТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИРЕКТНА И ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА извршена од страна на Министерството за образование и наука врз основ на јазик и возраст
- ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на образовен статус и повреда на правото за еднаков третман при користењето на студентски стипендии во повисок износ од страна на МОН
- ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на образовен статус и повреда на правото за еднаков третман при користењето на ученички стипендии во повисок износ од страна на МОН
- ДИРЕКТНА И ИНДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на попреченост и возраст од страна на МОН
- ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА во пристап до задолжително образование врз основа на личен статус кон децата кои се на издржување воспитно-поправна мерка во ВПД Тетово

**ДОМУВАЊЕ**

- ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и семејна или брачна состојба во областа на домување и пристап до добра и услуги

**ПРИСТАП ДО ДОБРА И УСЛУГИ**

- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет спрема припадниците на ЛБГТИ заедницата
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на родов идентитет во пристап до услуги во аптека
- ДИРЕКТНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на род и религија или верско уверување во пристап до угостителски објект

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

- ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, раса, припадност на маргинализирана група, етничка припадност и социјално потекло од страна на Министерството за здравство кон жените-Ромки кои живеат на територија на Општина Шуто Оризари
- ДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол сторена од ЈЗУ УК за детски болести кон татковците на хоспитализирани деца
- ИНДИРЕКТНА ПРОДОЛЖЕНА ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, род, личен статус и припадност на маргинализирана група од страна на

Министерството за здравство преку Законот за здравствено осигурување врз индивидуалните земјоделки

**РАБОТАТА И РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**

- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на родов идентитет
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол и лично својство и општествен статус во Агенцијата за филм
- ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, род и бременост
- ИНТЕРСЕКЦИСКА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВИКТИМИЗАЦИЈА врз основа на бременост, пол и лично својство
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол во Министерството за внатрешни работи
- ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол во областа на вработувањето и работните односи
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол во областа на вработувањето и работните односи

**ЈАВНО ИНФОРМИРАЊЕ И МЕДИУМИ**

- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на здружение на граѓани врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на социјалните мрежи и интернет портали
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на политичка партија
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група со објавување на текстуална содржина-статус со слика со вознемирувачка содржина на социјалните мрежи кон ЛГБТ+ заедницата
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ со облик на дискриминација врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус, насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјални мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјални мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на социјалната мрежа „Фејсбук“
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на социјалните мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на маргинализирана група врз ЛГБТИ+ лицата на социјалните мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, родов идентитет, сексуална ориентација и личен и општествен статус, насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјалните медиуми

- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основ на пол, припадност на маргинализирана група, лично својство и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет со објавување на текстуална содржина-статус со вознемирувачка содржина кон ЛГБТИ+ заедницата на социјалната мрежа „Фејсбук"
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата сторено преку објава на социјалната мрежа „Фејсбук"
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група сторено со пишување на текст со вознемирувачка содржина на социјалните мрежи кон ЛГБТ луѓето
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет на социјалната мрежа FACEBOOK во областа на јавното информирање и медиуми врз припадници на здружение на граѓани
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус, насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјални мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус, насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјални мрежи сторено пратеник во Собрание на РСМ
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата на социјална мрежа „Фејсбук"
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на родов идентитет и припадност на маргинализирана група врз трансродовите лица сторено на социјални мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, сторено од страна на носител на функција - Заменик министер за култура, врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавното информирање и медиуми - преку социјалната мрежа Фејсбук
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата на социјалните мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата на социјалната мрежа „Фејсбук"
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет насочено кон ЛГБТИ+ заедницата на платформата „Инстаграм"
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од страна на свештено лице врз ЛГБТИ+ заедницата
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ СО ОБЛИК НА ПРОДОЛЖЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА на социјалната мрежа „Фејсбук" насочено кон ЛГБТИ+ заедницата врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и општествен статус
- ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, родов идентитет и личен и


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

општествен статус насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на социјална мрежа „Фејсбук“

- ПРОДОЛЖЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, пол, родов идентитет и сексуална ориентација насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавното информирање и медиуми
- ПОВТОРЕНО И ПРОДОЛЖЕНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, лично својство и општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет кон ЛГБТИ+ заедницата на социјалната мрежа „Фејсбук“
- ПРОДОЛЖЕНО ИНТЕРСЕКЦИСКО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ како вид на дискриминација врз основа на пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавното информирање и медиуми, преку социјалната мрежа „Facebook“
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет кон припадниците на ЛГБТИ заедницата на социјалната мрежа „Фејсбук“
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавното информирање и медиуми на социјална мрежа „Фејсбук“
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет на социјалната мрежа „Фејсбук“ извршена од здружение на граѓани кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ, ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, сексуална ориентација, личен и општествен статус, родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата на социјалните мрежи
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата на социјалната мрежа „Фејсбук“
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација на социјалната мрежа „Фејсбук“ врз лицата припадници на ЛГБТИ+ заедницата
- ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВА И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација, род и родов идентитет на дебатна емисија во областа на јавно информирање и медиуми кон ЛГБТИ лицата
- ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, врз основа на пол, род, припадност на маргинализирана група, семејна и брачна состојба и сексуална ориентација на социјални медиуми
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА, како и ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, сексуална ориентација и родов идентитет

- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на сексуална ориентација врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми
- ПРОДОЛЖЕНО, ПОВТОРЕНО И ПОВЕЌЕКРАТНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ И ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на припадност на маргинализирана група и сексуална ориентација насочено кон ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми
- ПОВИКУВАЊЕ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација на социјалните мрежи насочено кон ЛГБТИ+ заедницата
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на интернет портал врз ЛГБТИ+ заедницата
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА на социјалните мрежи врз основа на сексуална ориентација врз ЛГБТИ+ заедницата
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, род и сексуална ориентација на социјалните медиуми
- ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на родов идентитет и сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми кон сексуалните и родовите малцинства
- ПОТТИКНУВАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на припадност на маргинализирана група, родов идентитет и сексуална ориентација сторено од страна на Храм Света Лидија Македонска - Свети Николе врз припадници на ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавното информирање и медиуми
- ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на родов идентитет во областа на јавното информирање и медиуми од страна на пратеник во Собрание на РСМ врз трансродовите лица
- ПРОДОЛЖЕНО ПОВИКУВАЊЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ И ИНСТРУКЦИЈА ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА кон припадниците на ЛГБТИ заедницата врз основ на пол, род, сексуална ориентација и родов идентитет, извршено со објавување на содржина на социјалната мрежа „Фејсбук"
- ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на сексуална ориентација извршена од страна на здружение на граѓани на социјалната мрежа „Фејсбук"